**Основен суд Берово**
**Су 03 бр.6/23**
**16.01.2023 година**

ВД Претседателот на Основен суд Берово, судија Дарко Ристов, врз основа на член 88 од Законот за судовите и член 113 став 4 од Деловникот за работа на судовите, денес на ден 16.01.2023 год. донесе:

## Годишен распоред за работа на Основен суд Берово за 2023 година

По сите предмети од граѓанската и кривичната област ќе постапува судија Дарко Ристов, бидејќи во Основен суд Берово во моментов има само еден судија.

Во Кривичниот Совет (член 25 став 5 од ЗКП) како Претседател на советот ќе постапува судија Дарко Ристов кај кого ќе бидат заведувани предметите по кои постапува кривичниот совет.

По сите прекршочни предмети ќе постапува судија Дарко Ристов.

Судските службеници:

1. Ванчо Крамарски стручен соработник ќе изработува нацрт одлуки кај судија Дарко Ристов во граѓанска и кривична област, како и ќе биде одговорно лице за односи со јавноста, ќе одговара на дописи од институции и физички и правни лица и ќе доставува одговори по барања за пристап на информации од јавен карактер.

2. Павлинка Гошевска стручен соработник ќе изработува нацрт одлуки кај судија Дарко Ристов во граѓанска и кривична област и ќе постапува како офицер за заштита на лични податоци.

3.Гордана Буровска дактилограф ќе работи со судија Дарко Ристов по предмети од граѓанска област (ќе изготвува разни покани до странките, ќе изготвува записници на рочишта, ќе пополнува доставници за достава на одлуки до странките).

4.Ленче Чичаковска дактилограф ќе работи со судија Дарко Ристов по предмети од кривична област (ќе изготвува разни покани до странките, ќе изготвува записници на рочишта, ќе пополнува доставници за достава на одлуки до странките), истата ќе го води и одделението за извршување на санкции во прекршочна област.

Поради оправдано отсуство на судскиот службеник-судски референт Марија Спасевска уписниците-Су ќе ги води судскиот службеник Ленче Чичаковска до враќање на работа на судскиот службеник Марија Спасевска.

Во отсуство или спреченост во работата на некој од дактилографите ќе постапува дактилографот кој е присутен на работа во судот.

5.Судскиот службеник Душко Чиплаковски ќе врши работи на прием на писмена во приемно одделение, нивно скенирање и експедиција на пошта, а по потреба ќе заведува и предмети од граѓанска и кривична област до враќање на работа на судскиот службеник Анче Алаѓозовска,

Заведување на предмети во Акмис од граѓанска и кривична област ќе врши Драган Сирачевски до враќање на работа на судскиот службеник Анче Алаѓозовска и судскиот службеник Билјана Буровска.

6.Судскиот службеник Николчо Спасевски ќе ги врши сметководствените работи во Основен суд Берово ќе изработува платни списоци за плати на вработените во Основен суд Берово и сите други работи во врска со водењето на сметководство и благајничките работи на Основен суд Берово.

Судскиот службеник Николчо Спасевски ќе го води уписникот за оставински предмети, а и ќе заведува и прекршочни предмети до враќање на работа на судскиот службеник Марија Спасевска, како и ќе врши достава на одлуките од прекршочните предмети.

7.Доставувачите Душко Чакиевски, Горан Механџиски, Елизабета Демирова Пилова и Кирил Ваканскиќе вршат достава на покани, писмена и одлуки до странките според претходно утврден распоред.

8.Драган Сирачевски ќе ги врши работите за тековно одржување на зградата на судот како и ќе управува и ќе го одржува системот за греење во судот.

9.Јадранка Кацарска хигеничар ќе ги врши работите околу одржување на хигиена во просториите на Основен суд Берово.

Судската полиција ќе ги врши работите околу обезбедување на зградата на судот и одржување на редот во судот според претходно изготвен распоред.

По задолжение од Претседателот на судот судските службеници ќе вршат и други работи и работни задачи заради нормално функционирање на судот.

Основен суд Берово 16.01.2023 година.

ВД Претседател на судот,

Дарко Ристов